# Упатство

## за упатување на осигурените лица при користење на правото на специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.moh.gov.mk www.moh-hsmp.gov.mk

# Содржина

1.Концепт и цели

2.Правила на упатување

3.Алатки

# *Концепт*

Новиот модел на упатување има за цел да овозможи оптимално и ефикасно користење на здравствените капацитети на сите нивоа од системот при упатувањето на осигурените лица за користењето на специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита.

Со новиот модел на упатување осигуреното лице ќе може да користи здравствени услуги во специјалистичко - консултативната здравствена заштита со упат од избраниот лекар, а во болничката здравствена заштита, суб-специјалистичка и болничка здравствена заштита во Универзитетските клиники во Скопје, по правило, ***со упат од лекарот специјалист /субспецијалист.***

Новиот модел на упатување ќе овозможи да се намалат несаканите ефекти од досегашниот модел на упатување како што се:

**Преоптеретување на Универзитетските Клиники** со случаи кои можат да бидат решени на пониски нивоа на системот; Во спротивно, во Универзитетските клиники во Скопје се предизвикуваат непотребни гужви и долги листи на чекање кои директно влијаат на квалитетот на услугите кои треба да се пружат на оние осигурени лица со медицински состојби кои реално треба да бидат третирани при Универзитетските клиники во Скопје.

**Зголемени трошоци за осигурениците** кои патуваат до Универзитетските клиники во Скопје (патни трошоци, изгубена заработувачка и време)

**Трошоци за здравствениот систем**, при што од една страна се пружаат рутински услуги на Универзитетски клники кои како услуги пружени на терцирерно ниво се поскапи а од друга страна се заобиколува секундарното ниво на здравствениот систем, за кој има фиксни трошоци (кадар, капацитети и слично) безразлика дали пружиле услуга или не.

**Неискористени капацитети** на болнички легла, кадар и опрема во Општите болници.

## *Правила на упатување*

Кога осигурено лице има потреба од здравствена заштита најнапред го консултира својот избран лекар во примарна здравствена заштита во дејностите на општа медицина (општа медицина, педијатрија, училишна медицина и трудова медицина), општа стоматологија и гинекологија.

ИЗБРАНИ ЛЕКАРИ

Избраниот лекар е должен на осигурените лица да им пружи примарна здравствена заштита.

**Упатување за дијагностички процедури**

А. Избраниот лекар **НЕМА ПРАВО** директно да го упати осигуреното лице за следните дијагностички процедури:

**Биохемиско – лабораториски услуги дефинирани во ЛУ-2 пакетот „проширен пакет на биохемиски лабораториски услуги„ донесен од Управниот одбор на ФЗОМ**

Напомена: За услуги во овие установи упатува само лекар специјалист, а по исклучок избраниот гинеколог за хормонски статус.

**Дијагностички процедури во ЈЗУ Институти (Институтот за јавно здравје и останатите институти при Медицински факултет Скопје).**

Напомена: За услуги во овие установи упатува само лекар специјалист, освен за исклучоци *(види исклучоци подолу)*

**Дијагностички процедури дефинирани во РДУ-2 пакетот "проширен пакет на радиодијагностички услуги" (Компјутеризирана томографија, Магнетна резонанса и др) донесен од Управниот одбор на ФЗОМ**

Напомена: За овие услуги упатува само лекар специјалист.

Б. Избраниот лекар **ИМА ПРАВО** директно да го упати осигуреното лице за следните дијагностички процедури:

**Биохемиски - лабораториски услуги** (дефинирани во ЛУ-1 пакетот „минимален пакет на биохемиски услуги по упат на избран лекар“ донесен од Управниот одбор на ФЗОМ) избраниот лекар упатува единствено во ЈЗУ здравствени домови, ЈЗУ општи и специјални болници, заводи, Центрите за јавно здравје, ПЗУ лаборатории со кои ФЗОМ има склучено договор.

**Услуги од минималниот пакет РДУ1 (РТГ-нативно и контрастно снимање, ЕХО дијагностика и мамографија)** донесен од Управниот одбор на ФЗОМ, избраните лекари упатуваат во ЈЗУ здравствени домови, ЈЗУ општи и специјални болници, заводи, Центрите за јавно здравје и ПЗУ лаборатории со кои ФЗОМ има склучено договор.

**Останати дијагностички процедури – микробиолошки и цитолошки (спермограм, спермокултура и ПАП тест)** избраните лекари ги упатуваат во лаборатории при ЈЗУ здравстени домови, ЈЗУ општи и специјални болници, заводи, Центрите за јавно здравје и ПЗУ лаборатории со кои ФЗОМ има склучено договор. * ^

*Поради недостаток на кадар, опрема и простор во секундарното ниво на здравствена заштита на територија на Скопје, избраните лекари од Скопје ќе можат да ги упатуваат осигурените лица и во лабораториите на Институтот за јавно здравје, ЈЗУ Институти (при Медицински факултет) и при ЈЗУ Клиники.

^ За верифицирање на лабораториски резултат за потребите за Биолошки потпогнато оплодување избрните лекари ќе можат да ги упатуваат осигурените лица и во лабораториите на Институт за јавно здравје, ЈЗУ Клиники и ЈЗУ Институти (при медицински факултет).

**Упатување за (суб) специјалистичко-консултативно и/или болничко лекување ,**

А. Избраниот лекар **НЕМА ПРАВО**:

- Директно да упатува осигурени лица за Болнички услуги, освен за исклучоци. *(види исклучоци подолу).*

- Директно да упатува осигурено лице за специјалистичко - консултативна, суб-специјалистичко консултативна и/или болничка здравствена заштита на Универзитетски клиники - Скопје, освен за исклучоци. *(види исклучоци подолу)*

**Напомена:** Избраните лекари од дејноста општа медицина (само за деца до 14 години) и гинекологија со акушерство имаат право да упатуваат директно во болничка здравствена заштита на универзитетската клиника за детски болести и на клиниката за гинекологија и акушерство.

Б. Во случај Избраниот лекар да има потреба да го упати осигуреното лице на повисоко ниво на здравствена заштита, **ИМА ПРАВО** да:

**Го упати осигуреното лице на специјалистичко - консултативна здравствена заштита во било која Здравствена установа на територијата на РМ освен на Универзитетски клиники во Скопје.**

**Само специјалист може да упати на Универзитетски клиники во Скопје.**

**Здравствени установи до кои може да упатува избраниот лекар се:**

- ЈЗУ здравствен дом
- ЈЗУ општа болница
- ЈЗУ специјална болница
- ЈЗУ клиничка болница (Тетово, Битола или Штип)
- ЈЗУ завод
  ЈЗУ Центри за Јавно здравје
- ПЗУ специјалистичко-консултативни ординации кои имаат склучено договор со ФЗОМ.
- ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести "Св. Наум Охридски - Скопје (стара градска болница Скопје)

Изборот на здравствената установа го прави осигуреното лице и избраниот лекар.

Изборот на специјалистичко - консултативна служба избраниот лекар го прави со помош на **Регистарот на здравствени установи од соодветната специјалистичко – консултативна дејност (види алатки)**

Избраниот лекар кон упатот за специјалистичко – консултативната здравствена заштита ги приложува сите медицински наоди од дотогаш извршените здравствени услуги на осигуреното лице (лабораториски и други дијагностички испитувања) до лекарот специјалист.

Упатот важи до 30 дена од денот на издавање но најмногу до три месеци доколку не е завршена дијагностичката постапка

ЛЕКАРИ СПЕЦИЈАЛИСТИ

Лекарот специјалист е должен на осигурените лица да им пружи специјалистичко-консултативна здравствена заштита кога осигуреното лице е упатено до него од страна на избран лекар.

**За упатување за дијагностички процедури,**

А. Лекар специјалист **ИМА ПРАВО** директно да го упати осигуреното лице за следните дијагностички процедури:

**Биохемиско – лабораториски услуги дефинирани во ЛУ-2 пакетот „проширен пакет на биохемиски лабораториски услуги„ донесен од Управниот одбор на ФЗОМ**

**Дијагностички процедури во ЈЗУ Институти (Институтот за јавно здравје и останатите институти при Медицински факултет Скопје).**

Напомена: За овие услуги во овие установи упатува само лекар специјалист, освен за исклучоци (види исклучоци подолу)

**Дијагностички процедури дефинирани во РДУ-2 пакетот "проширен пакет на радио дијагностички услуги" (Компјутеризирана томографија, Магнетна резонанса и др) донесен од Управниот одбор на ФЗОМ**

**За упатување за (суб) специјалистичко-консултативно и/или болничко лекување ,**

Б. Во случаи кога лекарот специјалист до кого е упатено осигуреното лице од страна на избраниот лекар, поради природата на медицинската состојба има потреба да го **пре-упати** во друга здравствена установа чиј услуги соодветствуваат на потребата, лекарот специјалист ИМА ПРАВО да:

**Предложи "најблиска и соодветна" установа за специјалистичко - консултативна здравствена заштита** која може да ја пружи потребната услуга, а останува правото на избор на осигуреното лице да избере било која здравствена установа од специјалистичко - консултативна здравствена заштита на територијата на РМ освен на Универзитетски клиники во Скопје.

**Само специјалист со субспецијалистички упат може да упати на Универзитетски клиники во Скопје.**

При пре - упатувањето, лекарот специјалист ја избира "најблиската соодветна" здравствена установа која **може да ја пружи потребната здравствена услуга** (дијагностичка или терапевстка), врз основа на **листите на здравствени услуги дефинирани за секоја здравствена установа. (види алатки)**

Доколку според Листите на здравствени услуги потребната здравствена услуга се пружа **исклучиво** во ЈЗУ Универзитетски клиники во Скопје, **САМО** во тој случај лекарот специјалист го упатува осигуреното лице во ЈЗУ Универзитетски клинки Скопје.

**Предложи "најблиска и соодветна" установа за болничка здравствена заштита** која ја може да ја пружи потребната услуга. а останува правото на избор на осигуреното лице да избере било која здравствена установа од **болничка здравствена заштита на територијата на РМ, освен на Универзитетски клиники во Скопје.**

Лекарот (суб) специјалист доколку го завршил лекувањето враќа препорака со специјалистичкиот извештај за понатамошно лекување и третман до избраниот лекар. .

## **ИСКЛУЧОЦИ** од правилата за упатување :

### Итни медицински состојби

Амбулантско и болничко лекување може да биде пружено на осигурено лице, без упат издаден од лекарот специјалист, односно ако е упатен од лекар што пружил итна медицинска помош.

Во случај на итна медицинска помош, се предвидува исклучок од правилото и тогаш важи упатот од избраниот лекар директно до здравствената установа каде било хоспитализирано осигуреното лице.

Избраниот лекар ретроградно го издава упатот, врз основа на потврда за хоспитализација издадена од болничката здравствена установа каде било осигуреното лице било задржано на болничко лекување.

Кога избраниот лекар, по сопствена проценка за итност или специфичност на здравствената состојба на осигуреното лице, а врз основа на медицинска индикација, во секоја фаза од третманот, со задолжително образложение во здравствениот картон, може да одлучи директно да го упати осигуреното лице во соодветна здравствена установа за (Суб) Специјалистичко - консултативно и/или Болничко лекување. Образложение треба да има и во прилог на упатот со кој е упатено осгуреното лице

### Упатување на хронично болни осигурени лица или упатување за закажана контрола

Во случај кога кај осигуреното лице е веќе дијагностицирано и потврдено хронично заболување за кое е веќе точно определена “најблиската и најсоодветна“ здравствена установа која треба да ги пружи здравствените услуги (дијагностнички и терапевтски) вклучувајќи ја и (суб) специјалистичко - консултативната и/или болничка дејност при Универзитетските клиники во Скопје, избраниот лекар **МОЖЕ** да го упати осигуреното лице директно кај лекарот (суб) специјалист на специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита или потребните дијагностички процедури.

Матичен лекар има право директно да упатува пациенти при Универзитетските клиники во Скопје за **закажани контроли** на предходно извршени спеијалистичко консултативни и/или болнички интервенции пружени во истата Јавна Здравствена Установа.

Во овие случаи, во здравствениот картон и во прилог упатот, (суб) специјалистички или болнички издаден од избраниот лекар, задолжително треба да има фотокопија од предходен специјалистички извештај и /или  отпусното писмо во кои се дадени препораки за лекување и/или закажан контролен преглед со што се докажува хроницитетот на медицинската состојба, но не постаро од една година.

### Упатување деца до 14 годишна возраст

# Алатки

Со цел правилно придржување кон новите правила на упатување, на располагање ги имате следните алатки:

## 1.Регистар
## 2.Листи на здравствени услуги
## 3.Нови обрасци за упатување
## 4.Формулар за извесување

### 1. Регистар на институции од специјалистичко - консултативна здравствена заштита

Кој ја користи?

Регистарот е алатка која избраните лекари ќе ја користат да ги лоциираат потребните институции од специјалистичко консултативна здравствна заштита на истата подрачна служба на ФЗОМ (или некоја од соседните доколку во истата го нема бараниот специјалист) при упатувањето на осигурените лица.

Каде да го најдете?

Регистарот ќе биде достапен за превземање на интернет страната на Министерството за здравство (www.moh.gov.mk), Фондот за здравствено осигурување (www.fzo.org.mk) на РМ и Здружението на приватни лекари на РМ (zplrm.com.mk).

Истиот можете да го користите во електорнска (pdf) или печатена форма.

## Листи на здравствени процедури

Кој ја користи?

Листите на здравствени процедури се алатки кои ќе ги користат лекарите специјалисти во случај кога ќе утврдат потреба да го преупатат осигуреното лице за здравствена процедура која тие неможат да ја пружат. Листите на здравствени процедури му помагаат на лекарот специјалист да ја лоцира најблиската здравсвена установа која може да ја пружи потребната процедура.

Каде да ги најдете?

Листите ќе бидат достапни како посебна алатка во групата на алатки. Листите на здравствени процедури ви се достаппни во вид на интерактивен веб портал кој ви овозможува брзо и ефикасно да ги лоцирате потребните здравствени интервенции. Во блиска иднина оваа алатка ќе ви биде достапна и во вид CD за што нема да ви биде потребна интернет конекција.

## Нови обрасци за упатување

Примероци од новите обрасци и инструкции за начинот на упатување со новите обрасци се достапни за превземање на интернет страната на Министерството за здравство (www.moh.gov.mk), Фондот за здравствено осигурување (www.fzo.org.mk) на РМ и Здружението на приватните лекари на РМ (www.zplrm.com.mk).

## ON-LINE Формулар за известување

Кој ја користи?

**Сите лекари (избрани и специјалисти)** имаат можност да пополнуваат on-line формулари за известување за слабости на новиот начин на упатување како и проблеми со кои се соочуваат упатувајќи според новиот начин на упатување.

**Формуларот дава можност за предлози и ваши идеи со цел унапредување на проектот.**

Формуларот можете електронски да го пополните на интернет страната на Министерството за здравство (www.moh.gov.mk), Фондот за здравствено осигурување (www.fzo.org.mk) на РМ и Здружението на приватни лекари на РМ (www.zplrm.mk).